**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**
**на ветеринарно – медицински препарат**

**Име на ветеринарно – медицинскиот препарат (латиница) – Име на ветеринарно – медицинскиот препарат (македонски јазик)**

Porcilis M Hyo ID ONCE/Порцилис М Хио ИД ОНСЕ

**фармацевтска форма**
Емулзија за инјектирање

**генеричко име на ветеринарно – медицинскиот препарат**
инактивирани цели клетки на *Mycoplasma hyopneumoniae* сој 11

## 1. Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет и име и адреса на производителот

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
ДПТУ ВИТА ВЕТ ДОО увоз-извоз Скопје
ул."Тајмишка" бр. 32 Скопје,
Република Северна Македонија

**Име и адреса на производителот:**
Intervet International B.V.
Wim de Körverstraat 35, 5831 AN Boxmeer
the Netherlands

## 2. Име на ветеринарно – медицинскиот препарат

Porcilis M Hyo ID ONCE/Порцилис М Хио ИД ОНСЕ

## 3. Содржина на активни супстанции и други состојки

**Активни супстанции**
По доза од 0.2 ml:
Концентрат од инактивирани цели клетки на *Mycoplasma hyopneumoniae* сој 11: ≥ 6.5 $\log_2$ Ab титар*
* Среден титар на антитела (Ab) кај глушец добиени по инокулација на глушец со 1/1000 од дозата за свиња.

**Адјуванси:**
34.6 mg лесен течен парафин
2.5 mg dl-α-токоферил ацетат
полисорбат 80, симетикон, динатриум хидроген фосфат дихидрат, натриум дихидроген фосфат дихидрат, вода за инјектирање

## 4. Терапевтски индикации

За активна имунизација на свињи во тов за намалување на лезиите од инфекцијата предизвикана од *Mycoplasma hyopneumoniae* и за подобрување на дневниот прираст.

Појава на имунитет: 3 недели по вакцинацијата.
Траење на имунитетот: најмалку 22 недели по вакцинацијата.

## 5. Контраиндикации

Нема.

## 6. Несакани дејства

Минливо покачување на телесната температура (во просек 0,7 ° C, кај некои свињи до 2 ° C) многу често може да се јави на денот на вакцинацијата. Животното се враќа во нормала 1 до 2 дена по забележаната највисока телесна температура. Некои животни може да покажат благи системски реакции на денот на вакцинацијата, потреба да легнат и благи знаци на непријатност. Кај повеќето животни може да се забележат минливи локални реакции кои најчесто се во вид на тврд, безболен оток во форма на копче со дијаметар до 4 cm.

Кај поедини свињи, може да се забележи црвенило и / или локално отекување во два стадиуми, односно по повлекување на првото отекување може пак да се јави отекување, кое потоа повторно се намалува. Локалните реакции целосно исчезнуваат приближно 7 недели по вакцинацијата.

Зачестеноста на несаканите ефекти се дефинира согласно следната конвенција:
- Многу чести (повеќе од 1 кај 10 третирани животни)
- Чести (повеќе од 1 но помалку од 10 третирани животни од 100)
- Не многу чести (повеќе од 1 но помалку од 10 третирани животни од 1000)
- Ретки (повеќе од 1 но помалку од 10 третирани животни од 10.000)
- Многу ретки (помалку од 1 третирано животно од 10.000, вклучувајќи ги и изолираните случаи)

## 7. Видови на животни за кои што е наменет ветеринарно - медицинскиот препарат

Свињи.

## 8. Дозирање за секој поединечен вид, начин и фрекфенција на примена и препорака за правилна употреба

Интрадермална примена на 0.2 ml по животно по можност на страната од вратот или по должината на мускулите на грбот со користење на мулти-дозен инјекторен апарат без игли за интрадермална апликација на течности кој може да испорача „млаз“ од потребниот волумен на вакцина (0.2ml ± 10%) низ епидермалните слоеви на кожата.

Шема на вакцинација:
Да се вакцинира штом се достигне старост од 2 недели.

Porcilis M Hyo ID ONCE е ефикасна во присуство на матернални антитела (MDA).

## 9. Совет за правилна примена

Пред користење на вакцината дозволете да ја достигне собната температура (15-25°C) и добро протресете ја пред употреба.
Да се избегнува внесување на контаминација.

## 10. Каренца на ветеринарно – медицинскиот препарат

Нула денови.

## 11. Начин на чување и рок на употреба

Да се чува во ладилник (+2°C - +8°C). Да не се замрзнува.
Да се заштити од директна сончева светлина.

Рок на употреба на препаратот во оригиналното пакување: 2 години.

Рок на траење по отворање на непосредното пакување: 3 часа

## 12. Посебни мерки на претпазливост

**Посебни мерки на претпазливос при користење кај животни**
Да се вакцинираат само здрави животни.

**Посебни мерки на претпазливост кои треба да бидат превземени од страна на лицето кое го применува ветеринарно-медицинскиот препарат на животни**
За корисникот:
Овој препарат содржи минерално масло. Несакано инјектирање или само-инјектирање може да резултира со остра болка и отоци, особено ако е инјектиран во зголб или прст, а во ретки случаи може да резултира со губење на погодениот прст ако не се даде итна медицинска помош. Ако случајно се само-инјектирате со овој препарат, побарајте веднаш медицински совет дури и ако само мала количина од препаратот е инјектирана и понесете го внатрешното упатство со себе. Ако болката трае повеќе од 12 часа по медицинскиот преглед, повторно побарајте медицинска консултација.

За лекарот:
Овој препарат содржи минерално масло. Дури и мали количини кои биле инјектирани при случајно само-инјектирање со овој препарат предизвикуваат интензивно потекување, кои може, на пример, да резултира со исхемична некроза и дури и губиток на прст. Специјалистичка, ИТНА, хируршка помош е потребна а може да е потребна навремена инцизија и иригација на местото на инјектирање, особено кога е вклучена мускулатура, коскено ткиво или тетива од прстот.

**Користење во текот на гравидитетот и лактацијата**
Да не се користи во текот на гравидитет и лактација.

**Интеракција со други медицински препарати и други форми на интеракција**
Достапни се податоци за безбедноста и ефикасноста кои покажуваат дека оваа вакцина може да биде дадена со Porcilis PCV ID на растојание од најмалку 3 cm истиот ден од старост од 3 недели. Можните негативни реакции се прикажани во дел 4.6, освен за големината на локалните реакции која може да достигне и до 6 cm кај поедини свињи. Овие локални реакции многу често можат да бидат придружени со црвенило и красти. Доколку крастите се отстранат, може често да се забележат лезии на кожата.

Не се достапни информации за безбедноста и ефикасноста на оваа вакцина кога се користи со било кој друг ветеринарно-медицински препарат. Одлука за користење на

оваа вакцина пред или по било кој друг ветеринарно-медицински препарат треба да се донесе врз основа на случајот.

**Некомпатибилности**
Да не се меша со било кој друг ветеринарно-медицински препарат.

**Предозирање (симптоми, ургентни процедури, противотрови) (ако е потребно)**
Нема негативни реакции освен оние споменати во делот "несакани дејства" кои биле забележани по примената на двојна доза. Сепак, овие реакции може да бидат нагласени.

## 13. **Посебни предупредувања за отстранување на неупотребениот ветеринарно – медицински препарат или отпадниот материјал од ветеринарно – медицинскиот препарат**

Секој делумно неискористен ветеринарно-медицински препарат или отпадни материјали добиени од такви ветеринарно-медицински препарати, празните пакувања, шприцевите и игли треба да бидат отстранети во согласност со локалните одредби.

## 14. Останати информации

<u>Имунолошки својства</u>
Porcilis M Hyo ID ONCE е инактивирана бактериска вакцина која содржи концентрат од цели клетки на *Mycoplasma hyopneumoniae* соj 11.
Овој антиген е инкорпориран во адјуванс базиран на комбинација од лесен течен парафин и dl-α-токоферол ацетат со цел да даде продолжена стимулација на имунитетот. Препаратот стимулира развој на активен имунитет кај свињи против *Mycoplasma hyopneumoniae* исто така во присуство на матернални антитела (MDA).

## 15. Пакување

Картонски кутии со 1, 5 или 10 стаклени шишенца (тип I, Ph. Eur.) од 10 ml (50 дози) или 20 ml (100 дози). Шишенцата се затворени со нитрилен гумен чеп и запечатени со кодиран алуминиумски капак.

Картонски кутии со 1, 5 или 10 PET пластични шишенца од 10 ml (50 дози) или 20 ml (100 дози). Шишенцата се затворени со нитрилен гумен чеп и запечатени со кодиран алуминиумски капак.

Сите пакувања не мора да бидат ставени во промет.

## 16. Начин на издавање

Ветеринарно - медицински препарат што се употребува само во ветеринарно друштво, од доктор по ветеринарна медицина или под негова директна одговорност.

## 17. ATC вет код

АТЦ вет код: QI09AB13
Имунолошки медицински препарат за свињи; инактивирана бактериска вакцина

## 18. АХВ број

1505

**19. Број на одобрението за ставање во промет на ветеринарно – медицинскиот препарат**

16-2167

**20. Датум на последна ревизија на упатството за употреба**

12.07.2019